**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08-12-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6293 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЌА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 5 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 8 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 77 став 2 од Изборниот законик** („При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите и електронските медиуми (интернет порталите) се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЌА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 5 декември 2016 година, на државно ниво, е констатирано дека, спротивно на одредбите од член 77 став 2 од Изборниот законик, во вестите од 18:55 часот и во вестите од 21:55 часот, при објавувањето на резултати од испитување на јавното мислење, не се наведени податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок.

**05.12.2016**

| Програма | Период на емитување на прилозите | | Опис на прилозите |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести во 18:55 часот | 18:59:02 | 19:00:56 | Емитувани се резултати од испитување на јавното мислење на институтот „Павел Шатев", при што не се наведени податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок. |
| Вести во 21:55 часот | 21:59:12 | 22:01:02 | |

***Сектор за програмски работи***